# Географија IX одд

Тема: Америка

Наставна содржина:

Природни богатства и стопанство на Америка

# ПРИРОДНИ БОГАТСТВА НА АМЕРИКА

**РАЗГОВОР**

- Што се природни богатства?
- Зошто се важни природните богатства?
- Со кои природни богатства располага Америка?
- Кои се најважните фактори за развој на стопанството?

Северна Америка со околу **24** милиони и Јужна Америка со околу **18** милиони km² површина, разновидна географска и геолошка структура располага со разни природни богатства. Тука се вбројуваат разни **метални** и **неметални минерални суровини, енергетски горива, хидропотенцијал,** пространи **земјоделски површини** и **шумски ресурси**.

## СЕВЕРНА АМЕРИКА

Северна Америка, регионално, ги има младите веенчни планини Кордилјери на запад, Средноамериканската Низина и старите грамадни планини во источните делови на континентот.

Планинските територии (Кордилјерите и особено Апалачките Планини во САД) се одликуваат со различни метални и неметални минерални суровини како што се **железо, никел, олово, цинк, бакар, алуминиум, сребро, злато, платина, молибден, волфрам, ванадиум, ураниум, азбест, фосфати, сулфур** и други суровини. Овие природни ресурси се основа за развојот на рударството, преработката на руда и развој на сите видови гранки и од тешката и од лесната индустрија. Типични пример е индустрискиот развој на приатлантската низина во подножјето на Апалачките Планини. *На стопанската карта во географскиот атлас погледни ја разместеноста на одделните природни богатства во Северна Америка!*




На овие територии се наоѓаат голем број на полноводни и релативно долги реки кои располагаат со **голем енергетски потенцијал**, така што се изградени голем број **хидроелектрични централи**.

Во низините на Северна Америка се присутни енергетски горива – **јаглен, нафта** и **земјен гас**. Како резултат на тоа се изградени голем број термоелектрани и рафинерии за нафта како основа за петрохемиската индустрија.

Средноамериканските Низини, надополнети со густа речна и каналска мрежа се одликуваат со **високо развиено земјоделско** и **сточарско производство** од сите видови. Преовладуваат полјоделските култури (житни,

градинарски, индустриски и фуражни култури), а застапено е и овоштарството. Заради меридијанското протегање на територијата се застапени разни други култури како што се **агруми** (Мексико), **банани** (Костарика, Мексико, Куба), **кафе** (Мексико, Гватемала, Хондурас, Костарика, Ел Салвадор), **какао** (Доминиканската Република), **шеќерна трска** (Мексико, Куба). Модерно земјоделско производство имаат САД и Канада кое, покрај домашните, задоволуваат и потреби на светскиот пазар.

**Шумите** во Северна Америка најмногу се застапени на територии во Канада и на Карпестите Планини. Канада на глобално ниво е специјализирана за производство на дрво, целулоза и хартија.

## ЈУЖНА АМЕРИКА

Во западните делови на Јужна Америка се простираат Андите - млади венечни планини, а во источните делови се пониските стари грамадни планини Бразилската висорамнина и посеверно Гвајанските Планини. Меѓу овие две целини се простираат Амазонската Низина на север и Патагонија на југ од континентот.

Андите располагаат со различни **метлични** и **неметлични минерални суровини** и производство на **бакар** (Чиле и Перу ), **железо** (Бразил, Венецуела), **калај** (Перу, Бразил, Боливија), **алуминиум** (Бразил, Венецуела, Суринам, Гвајана), **манган** (Бразил), **олово и цинк** (Перу), **сребро** (Перу, Чиле, Боливија), **молибден** (Чиле, Перу), **скапоцени камења** (Колумбија), **злато** (Бразил, Перу) и други. *На стопанската карта во географскиот атлас погледни ја разместеноста на одделните природни богатства во Ј. Америка!*




Овие природни ресурси се основа за развој на разни гранки и од тешката и од лесната индустрија.

Во Јужна Америка се наоѓаат голем број реки кои располагаат со **хидроенергетски потенцијал**, така што се изградени голем број хидроелектрични централи.

Во низините на Јужна Америка се присутни енергетски горива – **јаглен, нафта** и **земјен гас**. Производството на нафта особено е значајно **во Венецуела, Бразил, Аргентина и Колумбија**, а природен гас најмногу има во Аргентина и Венецуела, така што се изградени голем број термоелектрични централи и рафинерии за нафта како основа за петрохемиската индустрија.

Периферните делови на Амазонија, ридските територии на Бразил и Патагонија се основа за развој на примарните дејности. Околу 1/4 од населението во Јужна Америка се занимава со **земјоделство**. Се одгледуваат разни култури, а особено **пченица** и **пченка**. Во тропските делови од Јужна Америка, се одгледуваат

комерцијални култури, како што се: **банана** (Бразил, Еквадор, Колумбија), **кафе** (Бразил, Колумбија), **какао** (Бразил, Колумбија, Еквадор), **шеќерна трска** (Бразил), потоа **природна гума** (каучук), **бразилски орев, маниока, соја** (Бразил, Аргентина, Парагвај), **агруми** (Бразил, Аргентина), **памук, тутун, чај, винова лоза** (Бразил, Аргентина).

Во саваните, љаносите, делови на бразилската висорамнина, пампасите како и во Патагонија развиено е сточарството. Главно се одгледуваат **говеда, овци** и **свињи**. Во Јужна Америка се одгледуваат над 20% животни во светот, но сточарството е со екстензивен карактер. Исклучок прават Аргентина, Уругвај и Парагвај каде што тоа е интензивно.

**Шумите** во Ј.Америка се големо природно богатство. Експлоатацијата и преработката на дрво особено се развиени во Бразил. Но, прекумерна сеча и уништувањето на дождовните шуми предизвикуваат големи еколошки проблеми.

Земјите од Јужна и Северна Америка се одликуваат со силно **развиено рибарство**, така што се наоѓаат меѓу водечките земји во светот.



Комерцијални култури

## ПРАШАЊА

- Со кои природни богатства располага Америка?
- Кои држави се истакнуваат со енергетски горива?
- Каква е географската разместеност на земјоделските култури во Северна и Јужна Америка?
- На што се должи големиот број на хидроелектрични централи во Америка?
- Во кои делови има најголема застапеност на шумите како природно богатство на Северна и Јужна Америка?

- Задача: на стопанските карти на Северна и Јужна Америка опиши ја разместеноста на природните богатства